Задачи на Управителот со отпад и потребни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за полагање на стручен испит за Управител со отпад

Согласно националните законски прописи компаниите кои во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да назначат најмалку едно стручно оспособено лице — управител со отпад кој ќе се грижи за правилното управување со сите видови на отпад во компанијата.

Задачи на управителот со отпад се:

- Изработка и спроведување на програмата за управување со отпадот создаден од компанијата.
- Следење на тековната состојба во управувањето со отпад и грижа за правилното постапување со отпадот.
- Водење евиденција и изготвување извештаи.
- Спроведување и примена на постапките за управување со отпадот во согласност со Законот за управување со отпад или друг пропис.
- Контрола на видот и количеството на отпадот што се создава, преработува и отстранува, и преземање мерки за намалување и отстранување на создадениот отпад.
- Информирање на одговорните органи, односно одговорните лица во правното лице на компанијата за можните закани по животната средина, животот и здравјето на луѓето како резултат на производството, третманот, преработката и отстранувањето на отпадот, и предлагање конкретни решенија.
- Контрола на видот и количеството на отпадот што се создава, преработува и се отстранува, како и на секундарната суровина во компанијата.

Како до лиценца за Управител за отпад?

Потребни квалификации за управител со отпад:

Кандидатот кој сака да се стекне со лиценца за управување со отпад (Управител за отпад) треба да поседува **Уверение за положен стручен испит за вршење на работите за**

управување и/или постапување со отпад, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

За да се стекне со ова уверение, кандидатот треба да помине **Обука за полагање на стручен испит за управување и/или постапување со отпад** и да го положи стручниот испит за управување и/или постапување со отпад кој се полага пред Комисија формирана од страна на надлежното министерство.

Услови кои треба да се исполнат од страна на кандидатот кој треба да се пријави и активно учествува на Обуката, како предуслов да полага стручен испит за управување и/или постапување со отпад:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија.
- Да има живеалиште во Република Северна Македонија.
- Да има завршено најмалку VI степен вишо образование или високо образование со најмалку VII/1 степен, односно диплома со најмалку 180 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).
- Со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, сè додека траат последиците од забраната.
- Да има најмалку 3 години работно искуство по дипломирањето во постапувањето со отпад и/или животната средина.

Обуката за полагање на стручен испит во организација на MaSWA како акредитирано тело од страна на надлежното министерство, ќе овозможи идните управители со отпад да се стекнат со знаење, вештини и практични искуства со цел ефикасно управување со отпадот и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Со учество во обуката организирана од MaSWA, кандидатите ќе бидат подготвени успешно да го положат стручниот испит и да се стекнат со лиценца за Управител со отпад и секојдневно на високо ниво на професионализам и компетентност да управуваат со отпадот во компанијата, придонесувајќи кон одржливо управување со отпадот и заштита на животната средина во Република Северна Македонија.

Дополнителни информации и појаснувања може да добиете на тел: 070 354 234 (Ана Стојановска) и/или на e-mail: contact@maswa.org.mk.